**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**
**Економски факултет - Скопје**

Согласно член 53 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно - стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“во Скопје (Универзитетски гласник бр. 422 од 5.11.2018 година) и одлуката на Наставно-научниот совет донесена на 4.9.2023 година, деканот на Економскиот факултет – Скопје, го распишува следниот интерен:

# О Г Л А С

за ангажирање демонстратор на Економски факултет - Скопје
во учебната 2023/2024 година

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“во Скопје, Економски факултет - Скопје, распишува оглас за ангажирање на еден демонстратор на Катедрата за менаџмент за учебната 2023/2024 година.

За демонстратор на Економски факултет - Скопје, може да биде избрано лице кое има статус на студент на втор или трет циклус студии од соодветната студиска програма и кое, првиот циклус студии го завршило со просечна оценка најмалку 8,00 (осум). Кандидатот за демонстратор треба да има истакнато етичко поведение и однесување.

Демонстратор се избира за период од една учебна година, со право да биде реизбран уште два пати.

Кандидатите ќе можат да се пријават во рамки на овој оглас најдоцна до 26 октомври 2023 година, до 12:00 часот. Документите поднесени по 26.10.2023 година, нема да бидат земени предвид.

Заинтересираните кандидати потребно е до архивата на Факултетот, во затворен коверт да ги достават следните документи: пријава за учество, уверение за завршен прв циклус студии, копија од индексот или друг документ од кој може да се докаже статусот на студент на втор односно трет циклус студии.

Изборот го врши Наставно-научниот совет.

Резултатите од извршениот избор ќе бидат објавени на огласна табла.

Со избраните кандидати ќе се склучат договори за нивно ангажирање.

**Д Е К А Н**

--------------------------------

**Проф. д-р Предраг Трпески**